# Анализа на .mk домените 2012

Георги Станојевски, <glisha@gmail.com>,
http://georgi.softver.org.mk/blog/
#хаклаб http://blog.spodeli.org
21.04.2012г.

## Содржина

Опис....................................................................................................2
Врвен македонски интернет домен......................................................................2
Број на регистрирани домени..............................................................................3
Поделба на домени во хиерархискиот модел ......................................................4
Активни домени......................................................................................................5
Регистранти со најмногу регистрирани домени...................................................6
Именски опслужувачи со над 200 домени............................................................7
Веб сајтови на регистрираните домени................................................................8
Веб сервери кои опслужуваат .мк домени............................................................9

Овој документ може слободно да се умножува, дистрибуира, продава, адаптира ако се наведе дека автор на оригиналното дело сум јас Георги Станојевски.

Повеќе за лиценцата под која е објавен овој документ може да се види на:

http://creativecommons.org/licenses/by/2.5/mk/

# Опис

Во продолжение е анализа на секундарните и терцијарните регистрирани домени под врвниот македонски интернет домен .мк. Податоците за анализата се добиени од **јавно достапните податоците** за регистрираните домени на http://dns.marnet.net.mk/registar.php како и со проверка на соодветните именските опслужувачи каде се наоѓаат регистрираните домени.

Дел од процедурата со која ги собрав податоците и ја направив анализата е опишана на http://georgi.softver.org.mk/wiki/Домени_2012.

Ваква анализа направив и 2008 година, може да ја видиш на http://georgi.softver.org.mk/blog/2008/10/анализа-на-мк-домени-и-веб-сервери-повр/

Ново регистрирани домени дневно се ажурираат на http://domejn.ot.mk

# Врвен македонски интернет домен

Врвен македонски интернет домен е **.mk**. Примарен опслужувач за администрирање и управување со врвниот македонски домен „.mk“ е Мрежниот информационен центар на Македонската академска истражувачка мрежа – МАРНет[1]. Во рамките на тој домен, МАРНет регистрира поддомени на соодветни организации и установи.

Правото за нивно понатамошно администрирање МАРНет го делегира во согласност со механизмите на адресирање во МАРНет. Согласно тие механизми во моментов МАРНет дозволува регистрирање на секундарни поддомени под врвниот .мк домен и терцијарни поддомени под секундарните .com.mk, .org.mk, ..net.mk, gov.mk, .inf.mk и .name.mk.

Право за регистрирање на соодветните секундарни и терцијарни поддомени имаат:

- **.mk** - трговски друштва, државни органи на Република Македонија и др.;
- **.org.mk** - непрофитни организации, странски амбасади, политички партии и др.;
- **.com.mk** - трговски друштва и др.;
- **.gov.mk** - државни органи на Република Македонија;
- **.net.mk** - организациите кои даваат мрежни услуги на трети лица;
- **.inf.mk** - домени од посебно значење за Република Македонија;
- **.name.mk** - физички лица, државјани на РМ и странски физички лица со матичен број за странци;

1 http://dns.marnet.net.mk МАРНет

# Број на регистрирани домени

Бројот на регистрирани секундардни и терцијарни домени под врвниот .мк домен во моментот на изработка на овој документ(април.2012г.) е **22.404 домени.**

Не се достапни јавни податоци за датумот на регистрација на домените пред мај месец 2003 година, па растот на бројот на регистрирани домени го опфаќа периодот по тој датум до 04.2012г. На следниот график е прикажан растот.




Просечно од 2003 година секоја година бројот на регистрирани .мк домени се **зголемува за 20%**, како што е прикажано на следната табела.

| Година | Процент на ново рег. домени |
|---|---|
| 2004 | 20,57% |
| 2005 | 17,23% |
| 2006 | 18,63% |
| 2007 | 20,53% |
| 2008 | 25,53% |
| 2009 | 24,47% |
| 2010 | 22,67% |
| 2011 | 17,21% |
| 2012[2] | 5,21% |

2 Податоците за 2012 се непотполни и заклучно со март месец.

# Поделба на домени во хиерархискиот модел

Според правилата на МАРНет усвоен е хиерархиски модел на регистрација на домени под врвниот .мк домен.

**89%** од сите регистрирани домени се терцијарни домени под **.com.mk** и **.мк** домените. На следниот график и табела е прикажана распределбата на регистрирани домени во хиерархискиот модел на МАРНет.




| Домен | Број на рег. домени | Процент |
|---|---|---|
| .com.mk | 11.708 | 52,26% |
| .mk | 8.316 | 37,11% |
| .org.mk | 1.395 | 6,23% |
| .net.mk | 395 | 1,76% |
| .gov.mk | 345 | 1,54% |
| .edu.mk | 234 | 1,04% |
| .name.mk | 11 | 0,05% |

Бројот на секундарни .mk (domain.mk) домени кој беше официјално дозволен од април 2008 година континуирано расте на сметка на .com.mk домените. Од 2009 година двојно повеќе .мк домени се регистрираат на сметка на .com.mk домените.

| година | .com.mk | .mk | разлика |
|---|---|---|---|
| 2008 | 1498 | 881 | 0,6x |
| 2009 | 1413 | 1688 | 1,2x |
| 2010 | 1362 | 2412 | 1,8x |
| 2011 | 1026 | 2467 | 2,4x |
| 2012[3] | 293 | 844 | 2,9x |

3 Податоците за 2012 се непотполни и заклучно со март месец.

## Активни домени

Според правилата на МАРНет за да се регистрира домен потребно е да има правилно наместен именски опслужувач. Правилно наместен именски опслужувач за домен е ако има наместен SOA запис за соодветниот домен.

Со проверка на 22404-те домени регистрирани во МАРНет дојдов до бројка од **17094 активни домени и 5310 неактивни домени** т.е. домени кои немаат соодветен SOA запис во именските опслужувачи.

Проверив и колку од 17094 домени со SOA запис имаат поставено и ИП адреса за domejn.mk или www.domejn.mk. Според таа проверка **14890 имаат асоцирана ИП адреса на главниот регистриран домен или www поддоменот**, но бидејќи нема потреба да има ИП адреса асоцирана за главниот регистриран домен или www домен како активни домени ги зимам 17094-те домени со SOA запис т.е **24% од регистрираните домени не се валидни** според правилата на МАРНет.



# Регистранти со најмногу регистрирани домени

Во следната табела се прикажани 10-те регистранти кои имаат регистрирано најмногу домени. Овие 10 регистранти имаат регистрирано 18% од вкупниот број на активни домени.

| Регистрант | бр. рег. домени |
|---|---|
| МКХОСТ увоз-извоз ДООЕЛ Куманово, Друштво за производство, трговија и услуги | 742 |
| УЛТРАНЕТ Ултра ДООЕЛ Скопје, Друштво за обработка на податоци | 526 |
| Македонски Телеком, АД за електронски Комуникации - Скопје | 349 |
| Друштво за производство трговија транспорт и услуги ТИМ КОРПОРЕЈШН ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 276 |
| Адвокат Драган Поповски | 231 |
| ВИДЕКС БВ ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија, маркетинг и услуги | 215 |
| ОН.НЕТ ДОО Скопје, Друштво за информациски системи | 202 |
| Друштво за производство, услуги и трговија БМ КОНСАЛТИНГ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 187 |
| ДПУ ГЛОБАЛ НЕТ ДООЕЛ | 179 |
| Друштво за компјутерски услуги МАКЕДОНИЈА ОН-ЛИНЕ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 153 |
| АЛСА НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија и услуги | 147 |

Доколку се направи ваква топ листа само на домените кои имаат активна ИП адреса интересно е што „Адвокат Драган Попоски“ има само 39 активни домени со ИП адреса, а „Друштво за компјутерски услуги МАКЕДОНИЈА ОН-ЛИНЕ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје“ само 16. Другите регистранти се скоро исти.

# Именски опслужувачи со над 200 домени

Земајќи го во предвид само примарниот именски опслужувач за активните регистрирани домени и сумирајки ги сите варијации ns,ns1, dns2... е направена следната табела која ги дава именските опслужувачи кај кои се опслужуваат најмногу активни домени. Кај овие **14 компании** кои ги одржуваат DNS серверите се опслужуваат **47% од сите регистрирани и активни .мк домени.**

| Примарен именски опслужувач | Број на активни рег. домени |
|---|---|
| mt.net.mk | 2452 |
| on.net.mk | 1441 |
| mol.com.mk | 651 |
| neotel.com.mk | 471 |
| ixwebhosting.com | 371 |
| unet.com.mk | 356 |
| domaincontrol.com | 326 |
| ehost.mk | 309 |
| urnebeshost.info | 276 |
| mkhost.org | 636 |
| bluehost.com | 252 |
| hostgator.com | 248 |
| global-net.com.mk | 209 |
| mk-host.com | 201 |

# Веб сајтови на регистрираните домени

За да утврдам колку домени имаат конфигурирано веб страна ги проверив активните домени. Проверката беше дали на соодветниот домен има веб сервер кој враќа одговор на порта 80. Доколку нема одговор на domejn.mk проверував и на www.domejn.mk за да добијам пореална слика колку домени имаат конфигурирано веб сајт.

Од проверката произлезе следниов график. Според тоа од активните домени **78,62% или 13440 имаа конфигурирано некаков веб сајт** на регистрираниот домен или на www поддоменот (статус 20x и 30x).




| http status | бр. домени | Процент од активни |
|---|---|---|
| 20x | 10738 | 62,82% |
| 30x | 2702 | 15,81% |
| 40x | 1279 | 7,48% |
| 50x | 171 | 1,00% |

# Веб сервери кои опслужуваат .мк домени

Од проверените 14841 домени кои имаат ип адреса и даваат информација во хедерите за веб серверот кој ги опслужува најброен е **Apache httpd со 54%, по него е Микрософт IIS со 32%.**




| Веб сервер | Број на домени |
|---|---|
| Apache | 7974 |
| Microsoft-IIS | 4745 |
| nginx | 1172 |
| Непознат | 604 |
| Останати | 346 |